ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2022 ГОДИНА НА

# ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

03 2023 10 06

Скопје, октомври 2023 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Државната комисија за жалби по јавни набавки и ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) за 2022 година.

Со извршената ревизија изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста на финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Државната комисија за 2012 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Од причина што од извршената ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени и настанати се нови состојби во работењето на Државната комисија, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на проверка.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се следниве состојби:

- регулирање на правото на користење на деловниот простор на Државната комисија и негово евидентирање во деловните книги,
- структура на решени предмети на Државната комисија во 2022 година,
- склучување на договори за набавка на патничко моторно возило со оперативен лизинг и
- потреба од назначување на член на Државната комисија.

Од страна на одговорното лице на Државната комисија доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и оценето е дека три забелешки преставуваат известување за активностите кои се преземени од страна на Државната комисија за надминување на констатираните состојби и една забелешка претставува образложение за констатираната состојба.

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 3 |
| 5. Законска основа за ревизијата и временски период | 7 |
| 6. Опфат и ограничувања | 7 |
| 7. Одговорност за финансиски извештаи | 8 |
| 8. Одговорност на ревизорите | 8 |
| 9. Корекции во текот на ревизијата | 100 |
| 10. Одговор на ревидираниот субјект | 100 |
| Финансиски извештаи за 2022 и 2021 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 11 |
| Биланс на состојба | 12 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 13 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 14 |
| Сметководствени политики | 15 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 17 |
| Прилози | |
| Прилог 1 – Забелешки на Нацрт извештај | |
| Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај | |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| Буџет | Буџет на Република Северна Македонија |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| Државна комисија | Државна комисија за жалби по јавни набавки |
| Собрание | Собрание на Република Северна Македонија |

Број: 11-200/11
Дата: 06.10.2023

## 1. Вовед

Државната комисија за жалби по јавни набавки е основана со Законот за јавните набавки[1] во ноември 2007 година, додека започнала со работа во ноември 2008 година, со именување на претседател и членови на Државната комисија со одлука[2] донесена од страна на Собранието.

Државната комисија постапува согласно Законот за јавните набавки[3], Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста[4] и Законот за концесии и јавно приватно партнерство[5] и е надлежна за:

- решавање по жалби во постапките за јавни набавки,
- решавање по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство и
- други работи согласно со закон.

Одлуките на Државната комисија по однос на доставените жалби се задолжителни за сите странки во постапката.
Против одлуката на Државната комисија не е дозволена жалба, но може да се покрене управен спор пред Управниот суд односно да се достави жалба до Вишиот управен суд. Сите учесници што претрпеле штета по однос на донесените одлуки на Управниот суд, имаат право на надомест на штета пред надлежен суд, согласно со општите прописи за надоместок на штета.

[1] Службен весник на Република Македонија број 136 од 12.11.2007 година
[2] Одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 07-4834/1 од 04.11.2008 година
[3] Службен весник на Република Северна Македонија број 24/19 и 87/21
[4] Службен весник на Република Северна Македонија број 180/19 и 176/21
[5] Службен весник на Република Македонија број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и Службен весник на Република Северна Македонија број 153/19, 261/19, 89/22 и 65/23

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиски извештаи на страна од 11 до 13 на Државната комисија за жалби по јавни набавки, на сметката на основен буџет 637, за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година на сметката на основен буџет 637 со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државната комисија за жалби по јавни набавки на ден 31 декември 2022 година, на сметката на основен буџет 637, како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година, на сметката на основен буџет 637, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Државната комисија до јули 2022 година е сместена и ги извршува тековните активности во деловни простории доделени со Одлука[6] на Влада. Државната комисија го има запишано правото на користење во Агенцијата за катастар на недвижности, но од причина што станува збор за објект кој е прогласен за културно наследство, не е направена проценка на вредноста на објектот и истиот е евидентиран во вонбилансната евиденција со вредност од 1 денар. Поради лошите услови за работење и состојбата во која се наоѓале работните простории, Државната комисија во 2021 и 2022 година доставила барања до Владата за обезбедување на нови простории за непречено извршување на работните обврски.
Од јули 2022 година Државната комисија е сместена во нови простории во деловен објект, без измена на Одлуката[7] на Влада со која истиот е доделен на трајно користење на Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците. Со ревизијата утврдивме дека наведениот објект не е евидентиран во евиденцијата на Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците.

Во текот на ревизијата започнати се активности за обезбедување на документација и до Владата доставена е „Предлог Одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Државната комисија“.

Со забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор доставена е Одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 41-6922/5 од 29.08.2023 година, донесена од страна на Владата на седница на 29.08.2023 година, со која се доделени деловните простории на Државната комисија и се обезбедени услови за запишување на правото на користење на имотот во Агенцијата за катастар на недвижности, за утврдување на вредноста на објектот и за негово евидентирање во деловните книги.

4.2. Државната комисија согласно член 130 од Законот за јавните набавки е надлежна да постапува по поднесени жалби во постапките за јавни набавки и жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство. За поднесената жалба Државната комисија одлучува во рок од 15 дена од комплетирање на документацијата, со носење на решение во кое се образложува одлуката на Државната комисија.
Решенијата на Државната комисија се конечни и сите странки се должни да ги почитуваат и да ги спроведат. Договорниот орган е должен да постапи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија.

[6] Број 42-10038/1 од 20.10.2015 година
[7] Број 44-12961/1 од 30.12.2020 година, Број 40-1830/1 од 02.02.2021 година

Иако за одлуката на Државната комисија не е дозволена жалба, може да се покрене управен спор пред Управниот суд, кој пак треба во рок од 30 дена од денот на поднесување на уредната тужба, да донесе одлука за управниот спор. Доколку пак странките не се задоволни од пресудата и на Управниот суд имаат право да достават жалба до Виш управен суд.

Со увид во целокупната документација констатиравме дека Државната комисија во 2022 година постапила по 837 предмети[8] од кои 93% односно 784 се решени, додека останатите се пренесени за решавање во 2023 година, поради некомплетна документација.

Решените предмети во 2022 година, според видот на одлуката донесена од страна на Државната комисија, се прикажани во Графикон број 1:




Графикон број 1 – Структура на решени предмети во 2022 година

4.2.1. Решенијата на Државната комисија по поднесени жалби од економските оператори се конечни и договорните органи постапуваат по истите во постапките за јавни набавки или во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство.

Извршивме анализа на донесените решенија по 784 жалби до Државната

[8] Годишен извештај за 2022 година на Државната комисија

комисија, за кои ги утврдивме следните состојби:

- **прифатени се 42% од жалбите** односно 326 жалби поради разни основи како уважена жалба, поништена одлука, поништена постапка, уважена жалба од договорен орган, што укажува на висок процент на непостапување на договорните органи согласно одредби од Законот за јавните набавки,
- **одбиени се 39% од поднесените жалби** односно **304 жалби**.
  Против вака донесените решенија од Државната комисија, во текот на 2022 година поднесени се вкупно **83 тужби до Управен суд**, што значи дека за 27% од одбиените жалби поведени се постапки и
- **за 19% од поднесените жалби не се донесени одлуки за постапување на договорните органи** односно за 154 жалби, поради разни основи како неуредност, ненадлежност, ненавременост или повлекување на жалбата од страна на економските оператори.

Со законската можност на странките да поведат управен спор против решенијата на Државната комисија се остварува само уставното начело на овозможување на судска заштита против одлуките на управните органи, без да се дејствува врз спроведените постапки.
Доколку Управниот суд ја поништи одлуката на Државната комисија со својата пресуда, ќе одлучува и за жалбата во постапките, додека пак Вишиот управен суд одлучува по одлуките донесени од Управниот суд.

4.2.2. Во член 171 - Надоместок на штета од Законот за јавните набавки, уредена е можноста секое лице што претрпело штета поради повреда на овој закон, има право на надомест на штета пред надлежниот суд согласно со општите прописи за надоместок на штета.

Во текот на 2022 година по поведени тужби од економските оператори за донесените решенија на Државната комисија, уважени се вкупно 15 тужби и тоа 8 тужби од Управен суд и 7 од страна на Вишиот управен суд односно:

- до Управниот суд во текот на 2022 година поднесени се вкупно 83 тужби за кои донесени се 54 пресуди додека останатите 29 предмети се уште немаат одлука. Од решените предмети **8 тужби се уважени**, **42 се одбиени како неосновани**, една е отфрлена и за 3 тужби е запрена постапката и
- до Вишиот управен суд во текот на 2022 година поднесени се 58 жалби против одлуки на Управен суд, додека решени се вкупно 80 предмети (дел и од 2021 година), од кои **уважени се 7 жалби** (кај 2 жалби решението на Управен суд е променето, а кај 5 жалби е укинато решението на Управен суд).

Доколку економските оператори чии тужби се усвоени од страна на Управниот и Вишиот управен суд поведат постапка за надомест на штета (изгубена

добивка) таквите состојби во иднина ќе доведат до одлив на средства од Буџетот на државата, што укажува на потребата од должно внимание при носењето на решенијата од Државната комисија по доставените тужби од страна на економските оператори.

4.3. Државната комисија почнувајќи од 2015 година, потребата за службено моторно возило ја обезбедува преку склучување на договори[9] за набавка на патничко моторно возило со оперативен лизинг, согласно кои моторното возило се користи во период од 36 месеци, во кој период се исплаќа месечен надомест и по истекот на договорот, возилото се враќа на давателот на услугата за лизинг.

Во буџетското барање за 2021 година, кое е доставено до Министерството за финансии, на ставката 486 – Купување на возила побарани се средства во износ од 1.200 илјади денари за набавка на моторно возило, со образложение дека економски е поисплатливо да се обезбедат средства за набавка на ново возило кое ќе остане во сопственост на Државната комисија, отколку да се врши исплата на средства за лизинг на возилото. Средствата не се одобрени, поради што склучен е нов договор за набавка на возило на оперативен лизинг со важност до ноември 2024 година.
Истакнуваме дека вкупните трошоци за оперативниот лизинг согласно склучените договори за наем на возило за период 2015-2024 година се во износ од 6.267 илјади денари или 102 илјади евра.

Укажуваме на потребата од преиспитување на оправданоста на користењето на оперативниот лизинг во иднина, зависно од дејноста на секој одделен државен орган, трошоците за нивна набавка и тековно одржување или користење на други решенија за обезбедување на возила за потребите на органите.

4.4. Согласно Законот за јавните набавки, Државната комисија е државен орган кој е независен и самостоен во својата работа. Составена е од претседател и четири члена кои функцијата ја извршуваат професионално и кои ги именува и разрешува Собранието на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието, за период од пет години со право на уште еден избор.

Констатиравме дека иако во март 2021 година истечен е мандатот на еден од членовите на Државната комисија, од страна на Собранието и собраниските тела не се навремено покренати постапки за избор и именување на член на Државната комисија, поради што во текот на 2022 година истата функционира со Претседател и три члена. Имајќи предвид дека согласно член 167 од Законот за јавните набавки Државната комисија може да работи само доколку на

[9] Договор број 05-219/14 од 01.10.2015 година во износ од 2.476 илјади денари, Договор број 05-303/6 од 01.11.2018 и Анекс број 05-0877 од 19.02.2019 во износ од 2.231 илјади денари и Договор број 05-369/11 од 24.11.2021 во износ од 1.560 илјади денари

седницата се присутни најмалку три члена и претседателот, кои одлучуваат со мнозинство од вкупниот број членови, наведената состојба со бројот на членови укажува на неможност од одржување на седници во случај на отсуство на еден од членовите на Државната комисија.

Со забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор доставен е допис број 03-283/1 од 22.08.2023 година, со кој Државната комисија го известува Собранието за потребата од навремено започнување на постапка за избор на претседател и членови на Државната комисија. ,

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 05.06.2023 до 31.07.2023 година кај Државната комисија од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Државната комисија за жалби по јавните набавки, сметка на основен буџет 637, за 2012 година при што изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба и мислење без резерва за Билансот на приходи и расходи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на Државната комисија за жалби по јавни набавки застапувано од:

- Кирил Каранфилов, Претседател на Државната комисија[10]

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

[10] Одлука за избор на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 08 - 6028/1 од 18 октомври 2018 година

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Државната комисија за жалби по јавни набавки, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 9. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на Државната комисија извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикаа промени во Билансот на состојба и тоа:

- со налог за книжење број 6002/2023 од 11.07.2023 година извршено е поврат на отпишани основни средства во сметководствената евиденција, во износ од 1.133 илјади денари. Во текот на ревизијата доставено е барање до Владата за обезбедување согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад,
- со налог за книжење број 6003/2023 од 11.07.2023 година извршено е прекнижување на исправката на вредност на нематеријалните средства од сметката Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на материјалните средства на сметката Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на нематеријалните средства, поради евидентирано негативно салдо на 01.01.2022 година и
- со налог за книжење број 6004/2023 од 21.07.2023 година извршено е намалување на сметките за вонбилансна евиденција во износ од 1.784 илјади денари, од причина што вонбилансно е евидентирано патничко моторно возило набавено за службени потреби со оперативен лизинг во 2015 година согласно договор за набавка кој повеќе не е на сила и докнижување на возило набавено со оперативен лизинг по договор во 2021 година во износ од 1.560 илјади денари, како и евидентиран градежен објект кој во 2015 година и е доделен на Државната комисија со одлука на Владата, а во октомври 2022 година Владата повторно го одзема објектот од Државната комисија.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој конечен извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Државната комисија за жалби по јавни набавки одржан на ден 27.07.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на одговорното лице на Државната комисија доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и оценето е дека три забелешки преставуваат известување за активностите кои се преземени од страна на Државната комисија за надминување на констатираните состојби и една забелешка претставува образложение за констатираната состојба.

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло жение | 2022 | 2021 |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 15.296 | 14.373 |
| **Вкупно приходи** | | **15.296** | **14.373** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 12.291 | 12.004 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 1.927 | 1.977 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 383 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | | **14.601** | **13.981** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2.4. | 695 | 392 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **695** | **392** |
| **Вкупно расходи** | | **15.296** | **14.373** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2022** | | **2021** |
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 52 | | 24 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 2.071 | | 1.352 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.123** | | **1.376** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 377 | | 279 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 836 | | 778 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.213** | | **1.057** |
| **Вкупна актива** | | **3.336** | | **2.433** |
| **Вонбилансна пасива** | **4.6.** | **1.560** | | **1.784** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 50 | | 54 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 981 | | 1.037 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 52 | | 24 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.083** | | **1.115** |
| **Долгорочни обврски** | **4.4.** | **1.040** | | **261** |
| **Извори на средства** | **4.5.** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 1.213 | | 1.057 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.213** | | **1.057** |
| **Вкупна пасива** | | **3.336** | | **2.433** |
| **Вонбилансна пасива** | **4.6.** | **1.560** | | **1.784** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2022 година** | **1.057** | **1.057** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **756** | **756** |
| Набавки | 406 | 406 |
| Ревалоризација на капитални средства | 350 | 350 |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **600** | **600** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 180 | 180 |
| Амортизација | 420 | 420 |
| | | |
| **Состојба 31.12.2022 година** | **1.213** | **1.213** |

Република Северна Македонија
Државна комисија за жалби по јавни набавки

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено / Pranuar më: 20.09.2023
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. 11-200/10 | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera

ДО :
**Државен завод за ревизија**

ДКЖЈН
Државна комисија за жалби по јавни набавки
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Дел. бр. 02-641/8
12.09 2023 год.

Државна комисија за жалби по јавни набавки
ул. Филип Втори Македонски бр. 11 кат 4,
П.ФАХ 100
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3251 260
Факс. (02) 3251 269
www.dkzjn.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Достава на мислење/забелешки по нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Државна комисија за жалби по јавни набавки
ВРСКА: нацрт извештај бр.03 2023 10 06 од август 2023 година

Почитувани,

Државната комисија за жалби по јавни набавки по однос на доставениот нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Државна комисија за жалби по јавни набавки, од страна на Државниот завод за ревизија под горенаведениот број, Ви го доставува следното мислење/забелешки:

**4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

-Во однос на точка 4.1 Државната комисија за жалби по јавни набавки истакнува дека до Владата на Република Северна Македонија од страна на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во текот на месец Јули 2023 година беше доставена Информација со Предлог одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Државната комисија за жалби по јавни набавки и истата беше усвоена на седница на Влада на 29.08.2023 год, за што во прилог ви доставуваме копија од одлуката бр.41-6922/5. Согласно горенаведеното обезбедени се услови за запишување на правото на користење на имотот во Агенција за катастар на недвижности, утврдување на вредноста на објектот како и негово евидентирање во деловните книги и по истото ќе биде поастапено.

- Во однос на точка 4.3. Државната комисија истакнува дека континуирано се бараат средства за купување на моторно возило за службени потреби и со буџетското барање како и со проекцијата на средства во фискалната стратегија, но истите досега не се одобрени. Средства на оваа ставка 486-Купување на моторно возило се повторно барани и со новиот буџетски циркулар за 2024 година и се чека одлука на Министерството за финансии дали истите ќе бидат одобрени. Направена е анализа за оправданоста на средствата кои се исплаќаат за оперативен лизинг и од таа причина Државната комисија за жалби по јавни набавки во новиот буџет за 2024 година повторно бара средства за купување на моторно возило, поради поголема економска исплатливост. Разгледана е и опцијата за барање на моторно возило од Агенцијата за управување со одземен имот, но со оглед на фактот што Државната комисија до 2015 година беше корисник на таков тип на возило и исплаќаше големи износи на средства за поправки и одржување, беше проценето дека е економски поисплатливо да се бараат средства за купување на ново моторно возило.

- Во однос на точка 4.4 истакнуваме дека Државната комисија за жалби по јавни набавки е државен орган, кој е независен и самостоен во својата работа, составен од претседател и четири члена. Согласно законските одредби Државната комисија може да работи и одлучува само доколку на седницата се присутни најмалку три члена, притоа сметајќи на Претседателот/заменикот и уште минимум два члена. Истото е утврдено согласно член 167 од Законот за јавните набавки каде е наведено дека Државната комисија може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку три члена. На седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/или неговиот заменик. Со оглед на фактот што мандатот на три члена (претседател и два члена) истекува во Ноември 2023 година, а во врска со вашето укажување за навремено именување на членови на Државната комисија, Ве известуваме дека од страна на Државната комисија е испратен допис до Собрание на РСМ со кој се посочува на потребата од навремено започнување на постапка

за утврдување на предлог за избор на претседател и два члена на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**9. Корекции во текот на ревизијата**

Во однос на точка 9 укажуваме дека покрај наведените корекции Државната комисија постапи согласно препораките на Државниот завод за ревизија, ги избриша од листите за евиденција на софтвери едногодишните лиценци кои се истечени и изврши корекции во сметководствената евиденција на истите со налог за книжење број 6005/2023.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Кирил Каранфилов

Republika e Maqedonisë së Veriut
Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ - СКОПЈЕ
KOMISIONI SHTETËROR I ANKESAVE PËR FURNIZIME PUBLIKE - SHKUP

Доставено до:
- Државен завод за ревизија, ул.Павел Шатев бр.2, Палата "Емануел Чучков",1000 Скопје
-Архива

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците му престанува користењето на дел од недвижни ствари -деловни простории, зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат К4, број 17, намена на посебен дел ДП, со вкупна внатрешна површина од 239,12 м2 од вкупно 834,10 м2, кои се наоѓаат на ул. „Филип Втори Македонски" бр. 11 во Скопје, на КП бр. 9506/15, КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр. 114681, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:
- канцеларија 4 со површина од 54,50 м2,
- канцеларија 5 со површина од 55,28 м2,
- канцеларија 6 со површина од 26,10 м2,
- канцеларија 7 со површина од 18,87 м2,
- канцеларија 8 со површина од 37,75 м2,
- канцеларија 9 со површина од 23,08 м2 и
- канцеларија 10 со површина од 23,54 м2.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на времено користење, без надомест, за период од две години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, на Јавното претпријатие за државни патишта.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, ќе се изврши помеѓу Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-6919/5
29 август 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

**3285.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 август 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците му престанува користењето на дел од недвижни ствари-деловни простории, зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат К4, број 17, намена на посебен дел ДП, со вкупна внатрешна површина од 329,98 м2 од вкупно 834,10 м2, кои се наоѓаат на ул. „Филип Втори Македонски" бр.11 во Скопје, на КП бр. 9506/15, КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр.114681, сопственост на Република Северна Македонија и тоа:
- канцеларија 1 со површина од 45,62 м2,
- канцеларија 2 со површина од 25,74 м2,
- канцеларија 3 со површина од 67,97 м2,
- канцеларија 21 со површина од 11,53 м2,
- канцеларија 22 со површина од 10,57 м2,
- канцеларија 23 со површина од 60,05 м2,
- канцеларија 24 со површина од 26,50 м2,
- канцеларија 25 со површина од 27,75 м2,
- канцеларија 26 со површина од 22,02 м2,
- канцеларија 27 со површина од 24,72 м2 и
- канцеларија 28 со површина од 7,51 м2.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на времено користење, без надомест, за период од четири години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, ќе се изврши помеѓу Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Државната комисија за жалби по јавни набавки, во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-6922/5
29 август 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

**3286.**

Врз основа на член 85 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 август 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на Собранието на Република Северна Македонија се дава право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, на ГП бр. 3.1.1, со вкупна површина од 8676 м2, кое претставува дел од КП бр. 13473/1, КО Центар 1, градежно неизградено земјиште, со површина од 2708 м2, КП бр. 13474, КО Центар 1, градежно изградено земјиште, со површина од 341 м2, дел од КП бр. 13474, КО Центар 1, земјиште под зграда 1, со површина од 5528 м2, запишани во Имотен лист бр. 53704,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONIS SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ
KOMISIONI SHTETEROR I ANKESAVE PER FURNIYIME PUBLIKE
СКОПЈЕ – SHKUP

| ПРИМЕНО: | 11.09.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njesia Org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 312/1 | | |

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 29 август 2023 година/viti
Бр./Nr.: 41-6922/6

До
Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците
Скопје

Во прилог за извршување ви се доставува Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки, донесена од Владата на Република Северна Македонија, под бр.41-6922/5 од 29 август 2023 година.

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвил: Маја Богоевска, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Доставено до:
- Државната комисија за жалби по јавни набавки

Прилог 1:



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118022
www.vlada.mk

|1103-312/1 |2023|

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 август 2023 година, донесе

ОДЛУКА

за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците му престанува користењето на дел од недвижни ствари-деловни простории, зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат К4, број 17, намена на посебен дел ДП, со вкупна внатрешна површина од 329,98 $м^2$ од вкупно 834,10 $м^2$, кои се наоѓаат на ул. „Филип Втори Македонски“ бр.11 во Скопје, на КП бр. 9506/15, КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр.114681, сопственост на Република Северна Македонија и тоа:

- канцеларија 1 со површина од 45,62 $м^2$,
- канцеларија 2 со површина од 25,74 $м^2$,
- канцеларија 3 со површина од 67,97 $м^2$,
- канцеларија 21 со површина од 11,53 $м^2$,
- канцеларија 22 со површина од 10,57 $м^2$,
- канцеларија 23 со површина од 60,05 $м^2$,
- канцеларија 24 со површина од 26,50 $м^2$,
- канцеларија 25 со површина од 27,75 $м^2$,
- канцеларија 26 со површина од 22,02 $м^2$,
- канцеларија 27 со површина од 24,72 $м^2$ и
- канцеларија 28 со површина од 7,51 $м^2$.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на времено користење, без надомест, за период од четири години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, ќе се изврши помеѓу Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Државната комисија за жалби по јавни набавки, во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6922/ 5
29 август 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

д-р Димитар Ковачевски

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Маја Богоевска, помлад соработник |
| Проверил: | Никола Пасков, раководител на одделение |
| | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор |
| | Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор |
| Согласен: | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |

Прилог број 2

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 20.09.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи на Државната комисија за жалби по јавни набавки и ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) за 2022 година број 02-64/8 од 12.09.2023 година, од одговорното лице на Државната комисија за жалби по јавни набавки, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-200/10.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точка 4.1.** која се однесува на деловниот објект кој е доделен на Државната комисија, без измена на Одлуката на Влада со која истиот е доделен на трајно користење на Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците и за кој во текот на ревизијата до Владата доставена е „Предлог Одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Државната комисија", претставува **известување** за преземените мерки. Имено, од страна на Владата на седница на 29.08.2023 година донесена е „Одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Државната комисија за жалби по јавни набавки" број 41-6922/5 од 29.08.2023 година, со која деловните простории се доделени на Државната комисија и се обезбедени услови за запишување на правото на користење на имотот во Агенцијата за катастар на недвижности, која состојба ќе биде соодветно обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точка 4.2.** која се однесува на начинот на набавка на службено моторно возило со склучување на договор за оперативен лизинг, претсавува **образложение** за причините за утврдената состојба. Имено, Државната комисија известува дека за купување на моторно возило за службени потреби континуирано бара средства во буџетските барања доставени до Министерството за финансии, но истите не се одобрени, која состојба овластениот државен ревизор ја имаше во предвид во текот на ревизијата.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точка 4.4.** која се однесува на тоа

дека во март 2021 година истечен е мандатот на еден од членовите на Државната комисија и од страна на Собранието и собраниските тела не се навремено покренати постапки за избор и именување на член на Државната комисија, преставува **известување** дека во ноември 2023 година истекува мандатот на три члена (претседател и два члена), поради што од страна на Државната комисија доставен е допис број 03-283/1 од 22.08.2023 година до Собранието, во кој се наведува потребата од навремено започнување на постапка за избор на претседател и членови на Државната комисија.

Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точка 9.** Корекции во текот на ревизијата која се однесува на извршените сметководствени корекции во Билансот на состојба по дадени препораки од Државниот завод за ревизија, претставува **известување** за преземените активности од страна на Државната комисија за извршени корекции во сметководствената евиденција кај софтвери – едногодишни лиценци, со налог за книжење број 6005/2023 од 23.08.2023 година, кои ќе бидат предмет на наредна ревизија.

5. Исто така на ден 20.09.2023 година добиени се забелешки/одговор по **Писмото до раководството** за извршената ревизија на финансиските извештаи на Државната комисија за жалби по јавни набавки и ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) за 2022 година број 02-64/7 од 12.09.2023 година, од одговорното лице на Државната комисија за жалби по јавни набавки, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-200/9 од 20.09.2023 година. Имено, согласно методологијата за работа на Државниот завод за ревизија и Меѓународните ревизорски стандарди, Писмото до раководството се доставува до раководните структури во субјектот кој е предмет на ревизија, во кој се информира за состојби, наоди и констатации со помало значење и кои немаат влијание на мислењето и не се опфатени во ревизорскиот извештај, но треба да се имаат предвид во натамошното работење заради нивно надминување, поради што не се доставуваат забелешки, за што субјектот во текот на ревизијата беше информиран.